АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06.03.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 844/3 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден, по претставка (иницијатива на физичко лице)

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 14, 15, 16, 17, 21 и 22 јануари 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 14 февруари 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој*)

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („*Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14*)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на: 14, 15, 16, 17, 21 и 22 јануари 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, шестте (воведни) епизоди од драмско-криминалистичкиот серијал „Животинско кралство" емитувани во периодот опфатен со надзорот, беа погрешно означени како програма од Трета категорија (12+) и беа емитувани во несоодветен програмски термин, пред 22:00 часот. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, серијалот треба да биде означен како програма од

Четврта категорија (16+), што не се препорачува за деца под 16 години и може да се емитува само во периодот од 22:00 од 05:00 часот.

Дополнително, споредбено беа земени предвид класификациите на серијалот - и во неговата изворна американска продукција (каде што е означен со – TV MA – „mature audience" / за возрасна публика / непрепорачливо за лица под 17 години) и во регулацискиот аудиовизуелен контекст на повеќе европски законодавства (најчесто, во сите сезони од емитувањето, серијалот бил означен или со „15+" или со „18+").

| Наслов на емисијата | | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај |
| ***Животинско кралство*** - играна програма – серијал; | 14 јануари 2019 г. | 20:26:18 | 21:24:55 |
| | 15 јануари 2019 г. | 20:34:25 | 21:23:35 |
| | 16 јануари 2019 г. | 20:31:05 | 21:25:35 |
| | 17 јануари 2019 г. | 20:32:54 | 21:25:30 |
| | 21 јануари 2019 г. | 20:29:47 | 21:24:27 |
| | 22 јануари 2019 г. | 20:34:50 | 21:26:07 |
| *Опис на прекршувањето:*<br><br>Серијалот е погрешно означен како програма од Трета категорија (12+) и се емитува во несоодветен програмски термин, пред 22:00 часот.<br>Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, програмите од Четврта категорија (16+) можат да се емитуваат само во периодот од 22:00 до 05:00 часот. | | | |

Имајќи ги предвид критериумите за категоризација на содржините утврдени во Правилникот за заштита на малолетните лица, анализата за клучни ги зеде следниве аспекти:

- сценариото (на серијалот „Животинско кралство") вклучува систематска разработка чести (драматуршки повторливи) - описи, сцени и/или глетки на психофизичко насилство;
- сликовитоста на долготрајните кадри / сцени со психофизичка бруталност - садизам и/или вулгарност - снимени со крупни и со средно-крупни планови, но неретко и со - детали;
- честата употреба непристоен / вулгарен говор;
- релативно честите, долготрајни еротски сцени на хетеро/хомосексуални односи, снимени со крупни и со средно-крупни планови;
- честите глетки / сцени со злоупотреба, предозирање од наркотици / лекови;
- потсилувањето на тензијата од глетките / сцените со придружни ефекти: музика, маски, шминка, сценски реквизити; и
- контроверзниот психолошки профил на главните ликови.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, од: 14, 15, 16, 17, 21 и 22 јануари 2019 година, играниот серијал „Животинско кралство", се

емитуваше погрешно означен како програма од Трета категорија (12+), и во несоодветен временски период од денонокието, пред 22 часот.

9. **Предлог-мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***